РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НОТАРСКА КОМОРА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-2121 8
28.02. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 122 став (1) точка а) од Законот за нотаријатот („Сл. весник на РМ“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18) и членовите 15 став (1) алинеја 16) и 45 став (7) од Статутот на Нотарската комора на Република Северна Македонија, Управниот одбор на Нотарската комора на Република Северна Македонија, на седницата одржана **на ден 28.2.2025 година,** го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К

**за изменување и дополнување на Правилникот за постапување по претставки, предлози и иницијативи за поведување на дисциплинска постапка против нотар, заменик-нотар и нотар кој привремено ја врши службата (пречистен текст), бр. 02-588/1 од 16.4.2024 год.**

## Член 1

Во членот 2 ставот (2) се менува и гласи:

**,,(2) Претставката се поднесува во писмена форма (непосредно во органот или по пошта) или во електронска форма. Претставката која е поднесена во електронска форма треба да содржи електронски потпис. ''**

По ставот (2) се додаваат нови ставови (3) и (4) кои гласат:

**,,(3) Претставката содржи: назив на органот до кој се поднесува, кратко означување на предметот на претставката и име и презиме, назив, адреса или седиште на подносителот.**

**(4) Поднесокот се смета за претставка доколку има и друг назив (поплака, ургенција, молба, жалба и слично) ако од содржината на поднесокот се утврди дека станува збор за претставка. ''**

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (5) и (6).

Во ставот (3) кој станува став (5) по зборот: **,,приемот''** се додаваат зборовите: **,,односно најдоцна наредниот работен ден''.**

## Член 2

Во членот 5 се додава нов став (7) кој гласи:

**,,(7) Ако до Комората е доставена претставка по која не е надлежна да постапува, претседателот на Комората ја препраќа на надлежниот орган без одлагање, а за тоа писмено го известува подносителот најдоцна пет дена од денот на приемот на претставката.''**

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од неговото објавување на огласната табла и на веб страницата на Нотарската комора на Република Северна Македонија, а ќе биде објавен и во стручното списание „Нотариус“.

**УПРАВЕН ОДБОР НА НОТАРСКА КОМОРА НА РСМ**
**Претседател**
**Методија Ристоски**